ТОНСКИ СИСТЕМ

Низа на сите тонови по ред, од најдлабокиот до највисокиот, се нарекува тонски систем. Тој е поделен на октави, т.е. имињата на седумте тонови (c, d, e, f, g, a, h) се повторуваат повеќе пати. Секоја октава има свое име според положбата каде се наоѓа во тонскиот систем: субконтра (најдлабока октава), контра (длабока), голема, мала, прва, втора, трета, четврта и петта октава. На сликата на клавијатура ќе прикажеме само 5 октави (од големата до третата).



Како што можеме да забележиме тоновите од големата октава се бележат со големи, а тоновите од малата октава со мали букви. Следните октави (од првата до петтата се бележат со мали букви и бројка по буквата- во зависност од тоа за која октава се работи. На пример c3 припаѓа на третата октава, c4 на четвртата октава итн. Тоновите од контра и субконтра октава се пишуваат со големи букви и бројот 1 или 2. На пример тоновите C1 и D1 припаѓаат на контра октава, додека C2 и D2, припаѓаат на субконтра октава.

Да ги проследите тоновите од тонскиот систем (од големата до четвртата октава) напишани со ноти.



Како што можеме да забележиме, тоновите од подлабоките октави пишуваме во бас. За да ги напишеме во виолински клуч би требале да употребиме повеќе од 4 помошни цртички што би го отежнало пишувањето и читањето. За високите тонови, на пример од четвртата октава се употребува знакот „8^{Va}“.

Линкови:

1. https://www.youtube.com/watch?v=c23enhQkuKo
2. https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A2%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8_%D1%81%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BC